# REQUIRED LEADERSHIP SKILLS AND CHARACTERISTICS OF A MODERN SCHOOL PRINCIPAL

**Vesna Boshkovska**
Primary school "Kiril Pejcinovikj" Skopje, North Macedonia, vesna.boskoska@gmail.com

**Abstract:** The effective management of an educational institution largely depends on the leadership skills of the school principal. This role is very sensitive and requires recognizing the qualities of a leader or leader in every segment of the director's work. The modern director should be a visionary leader, friend, trainer, democrat, leader in order to successfully lead his team. The leader should also have developed technical skills, collective work skills, conceptual and analytical skills. There is a great value of directors who manage to create an ethical business environment in which the potential of all employees will be fully expressed, by establishing a climate of cooperation characterized by democratic processes and established democratic values. This paper emphasizes the values and skills that employees value as the most important for the work climate and communications in schools. True directors need to make people feel important, set clear goals for their followers, always take responsibility for their actions and the actions of the group, give public recognition, and criticize in private.
**Keywords:** efficiency, collaboration, leadership skills, values

# ПОТРЕБНИ ЛИДЕРСКИ СПОСОБНОСТИ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА СОВРЕМЕН ДИРЕКТОР НА УЧИЛИШТЕТО

**Весна Бошковска**
ООУ „Кирил Пејчиновиќ" Скопје, Северна Македонија, vesna.boskoska@gmail.com

**Апстракт:** Ефикасното водењето на образовна институција во најголема мера зависи од лидерските вештини на директорот на училиштето. Оваа улога е многу сензитивна и бара препознавање на особините на водач или лидер во секој сегмент од работата на директорот. Современиот директор треба да биде лидер визионер, пријател, обучувач, демократ, предводник со цел успешно напред да го води својот тим. Лидерот исто така треба да има развиено технички вештини, способности за колективна работа, концепциски и аналитички способности. Голема е вредноста на директори кои успеваат да создадат етичка деловна средина во која целосно ќе дојде до израз потенцијалот на сите вработени, преку воспоставување на клима на соработка која се карактеризира со демократски процеси и воспоставени демократски вредности. Во овој труд се потенцирани вредностите и вештините што вработените ги оценуваат како најважни за климата за работа и комуникации во училиштата. Вистинските директори треба да прават луѓето да се чувствуваат важни, на своите следбеници да им ги постават јасно целите, секогаш да превземат одговорност за своите дејства и за дејствата на групата, да дадат јавно признание, а да критикуваат насамо.
**Клучни зборови:** ефикасност, соработка, лидерски вештини, вредности

## 1. ВОВЕД

Последните децинии одбележаа драстични промени во општествениот, економскиот, политичкиот живот и техничко-технолошкиот развиток на земјите, развиени и оние во развој. Таквите промени предизвика и промени во воспитно-образовните системи, внатрешната организација и поставеност на воспитанието и образованието.[23]

Во таков променет систем многу е нагласена потребата од квалитетно лидерство во организацијата. Лидерството е една од најтешките области на општествените науки за истражување бидејќи е тесно поврзано со демократијата, правичноста, одлучноста. Предизвикот на лидерот е да уверува различни индивидуи и групи да се приклучат кон заедничките цели,а потоа да ги мотивира да работат заедно како тим за да се постигнат целите. Училиштето како организација која се занимава со чувствителна проблематика како што е воспитно-образовната работа која постојано поминува низ реформи и транзиции исто така е соочена со потребата од квалитетно раководење од страна на современ директор на училиштето. Училиштето претставува организација во која се остварува воспитно-образовна дејност. Комплексноста на воспитно-образовниот процес се состои од многу елементи меѓусебно поврзани, чие функционирање го

[23] https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/1581 15.02.2021

издвојува училиштето од другите оргнизациони структури. Директорот треба да поседува лидерски способности и карактеристики на современ директор на училиштето. Потребата на менаџирање произлегува од организацината структура на училиштето, додека пак лидерството е поврзано со развојот-мисијата и визијата.

## 2. ГЛАВЕН ДЕЛ

Училиштето како организација претставува активна целина,која ги поврзува елементите на воспитно-образовната дејност во организиран процес преку кој се извршуваат задачи согласно со однапред поставени цели.Во современото училиште како организациски ситем, улогата на менаџер ја има директорот на училиштето. Денес се смета дека директорот треба да извршува повеќе улоги како што се: лидер, координатор, модератор, информатор, супервизор и одлучувач.

Да се биде лидер значи да се има цврстина и решителност т.е да се биде решителен и одвнатре и однадвор, кон самиот себе и кон другите. Лидерството претставува уметност за мотивирање на група луѓе да дејствуваат кон остварување на заедничка цел. Постојат различни дефиниции за поимот лидерство. Лидерството е процес, влијание. Лидерство се случува во групи-тимови. Лидерство значи насочување на енергијата на групата кон заеднички фокус на нештата. Лидерот треба во секој момент да биде подготвен јавно да каже дека се гордее со секој член од неговиот тим, да умее да побара мислење, да запраша што неговите следбеници сакаат,да им се заблагодари, да има доблест неговото јас да го стави во функција на ние. Секој лидер доколку сака да биде успешен треба да ги почитува следниве принципи: да се усовршува, да биде стручен, да презама и да бара одговорности, да дава пример,да се грижи за извршување на работите, да ги донесува одлуките на демократски начин итн.

Лидерски способности и карактеристики на успешен директор

Особините на личноста на директорот битно го одредуваат неговиот однос кон работата. Секоја личност ја карактеризираат релативно трајни особини кои меѓусебно се поврзани и зависни, па така прават единствена организација или структура.[24]

Според Џон Адаир постојат генерички особини кои еден лидер треба да ги поседува:[25]

**ентузијазам, интегритет, цврстина, праведност, топлина, понизност и доверба.**

**Ентузијазам** – одлика која го води напред му дава енергија да ги надминува сите тешкотии.

**Интегритет** – квалитет кој создава услови за градење на доверба кај сите следбеници.Довербата овозможува чувство на сигурност.

**Цврстина** – тоа се луѓе кои се одликуваат со високи стандарди, но и со голема флексибилност.

**Праведност** – се луѓе кои своите следбеници ги гледаат рамноправно.

**Топлина** – лидерството претставува испреплетеност на срцето и разумот.

**Понизност** – добриот лидер треба да биде секогаш подготвен да слушне за неговите недостатоци и да се бори против сопственото его.

**Доверба** – од исклучително значење за секој лидер. Доколку следбениците ја почуствуваат тие се чувствуваат многу посигурни по патот по кои одат.

Јасно е дека невозможно е во една личност да се соединат сите позитивни особини.Сето ова помалку или повеќе се однесува и на улогите и особините на добар училишен директор.

Јасно е дека невозможно е во една личност да се соединат сите позитивни особини.Сето ова помалку или повеќе се однесува и на улогите и особините на добар училишен директор.

Во современото училиште, професионалните карактеристики на менаџерот произлегуваат од знаењата кои треба да ги поседува во воспитно-образовниот и едукативниот процес. Подеднакво важни се следниве способности:

**а. Техничка способност** на лидерот подразбира спектар од активности за кои е оспособен да ги извршува. Како такви ќе ги споменеме:примената на методите, процесите, процедурите и техниките; поседување вештина за употреба на разни техники во конкретни дисциплини.

**б. Човечката способност** на лидерот во воспитно-образовната и едукативната дејност подразбира пред сѐ: способноста на лидерот да работи ефективно како член на тимот и да гради напор за соработка во рамките на тимот што го води.

**в. Способноста за колективна работа** се однесува на меѓуодносите со други луѓе; ефективно работење како член на група, работење со родители, ученици, граѓани; оспособеност за комуникација и за разбирање; создавање атмосфера на доверба и сигурност;способност за разрешување конфликти;

[24] https://bit.ly/3qvr9vG
[25] https://www.academia.edu/42842429

**г. Концепциска способност** на лидерот во воспитно-образовниот и едукативниот систем, пред сѐ подразбира: да се гледа институцијата како целина, акцијата да се претвори во знаење и знаењето во акција.

**д. Аналитичката способност** од своја страна подразбира: способност на лидерот да анализира и да употребува научни и логички приоди или соодветни техники, да ги анализира проблемите и да ги проценува можностите на институцијата и на луѓето во неа

**ѓ. Способноста за одлучување** е исто така една од најважните карактеристики што треба да ја поседува секој современ менаџер.Претставува менаџерска способност за селектирање на тековни акции, со намера да се решат конкретни проблеми или повеќе проблеми.

Многу е важно прашањето за стиловите на раководење за кои има неколку пристапи и поделби. Најчесто спомнувани се шест видови на стилови на раководење. Сите овие стилови имаат свои предности и недостатоци. Тоа се директорот како:

***ЛИДЕР ВИЗИОНЕР*** Личност со самодоверба и емпатија. Неговата цел е да ги мобилизира останатите да ја следат визијата. Ефективниот лидер-визионер, го слуша мислењето на поединецот во групата и ги објаснува целите на организацијата на начин на кои ќе ја обезбеди нивната подршка.

***ЛИДЕР ПРИЈАТЕЛ*** Личност која умее да гради добри врски, умешно да менаџира со конфликтите. Неговата основна цел е да креира хармонија помеѓу луѓето што ги води. Опасноста која ја креира ваквиот стил на лидерство е преголемо фокусирање на емотивната клима за сметка на игнорирање на самата работа

.***ЛИДЕР ДЕМОКРАТ*** Личноста има способност за тимска работа и соработка, умее добро да комуницира и влијае позитивно на климата за работа. Лидерот-демократ добива информации од секого во групата и го сослушува сечие мислење.

**** ЛИДЕРОТ ОБУЧУВАЧ*** Личност која фокусот го става на развојот на другите. Им помага на вработените да развиваат долгорочни јаки страни. Овој лидер го сослушува секого и му помага како да се подобри во извршување на работните задачи.

***ЛИДЕРОТ ПРИНУДУВАЧ*** Личност со нагласена желба за покажување на иницијативност и со добра емоционална самоконтрола. Со својот однос и делување има силно негативно влијание врз климата за работа. Лидерот-принудувач дава инструкции без да слушне нечие мислење во врска со тоа што треба да се прави.

***ЛИДЕРОТ ПРЕДВОДНИК*** Личност што поставува високи цели и постојано го надгледува прогресивното движење кон тие цели. Неговата цел е да изведе одредена задача според високо поставени стандарди и се практикува кога треба да се постигнат брзи резултати од високо мотивиран и компетентен тим.

Фокусот на овој труд е да се воочат кои особини на лидери се перцепирани како најпосакувани кај наставниците и каков вид на стил на лидерство практикуваат директорите во основни училишта .

Проблем на нашето истражување е да се воочи кои три топ особини на лидери се перцепирани како најпосакувани кај наставниците и каков вид на стил на лидерство практикуваат директорите во основни училишта. Целта на истражувањето е проценка на три топ особини на директорите во основните училишта посакувани од наставниците, како и проценка на стилот на водство на директорите, кои одговор даваат преку докажувањето: 3-те Топ особини кај директорите во основните училишта посакувани од страна на наставниците се:правичност, ентузијазам и доверба како и тоа дека „Лидер демократ" е стил на водство најчесто застапен кај директорите во основните училишта во општина К.Вода

Според одговорите на испитаните наставници се добија резултати дека 3 најприфатливи и најценети особини се: топлина 10%, доверба 35% и праведност 55%. Оттука најголем процент од наставниците одговориле дека кај директорот најприфатлива особина е праведноста.

Додека за стилот на лидерство 20% од наставниците одговориле лидер визионер, 10% одговориле лидер предводник и 70% лидер демократ. Оттука најголем процент од наставниците одговориле дека директорите се најпосакувани доколку се лидери демократи.

## 3. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Од целосното досегашно излагање може да се заклучи дека ефективниот и ефикасниот лидер треба да биде дел од персоналот, да дише со персоналот. Современиот директор треба да биде лидер визионер, пријател, обучувач, демократ, предводник со цел успешно напред да го води својот тим. Лидерот во училиштето треба да поседува ентузијазам, интегритет, цврстина, доверба се со цел да се одржат и подобрат меѓучовечките односи во училиштето. Лидерот треба да има развиено технички вештини, способности за колективна работа, концепциски и аналитички способности. Директорот треба да има лидерски способности и карактеристики на современ директор на училиштето. Директорот треба да создаде етичка деловна средина во која целосно ќе дојде до израз потенцијалот на сите вработени, преку воспоставување на клима на соработка која се карактеризира со демократски процеси и воспоставени демократски вредности.

Вистинските директори треба да прават луѓето да се чувствуваат важни, на своите следбеници да им ги поставт јасно целите, секогаш да превземат одговорност за своите дејства и за дејствата на групата, да дадат јавно признание, а да критикуваат насамо.
Една од најважните особини на лидерот е да ги учи другите преку својот личен пример. Лидерот мора да се стреми кон стекнување на сила на особини, барем за неколку октави повисоки отколку што секојдневната работа го бара.
Како што покажа истраќувањето најпосакувани особини на директорите се правичност, доверба и топлина, додека најчест стил на водство е демократско водство.
Директорот  и кога е под притисок, тој треба да делува смирено, несмее да донесува погрешни одлуки. Учеството на многу обуки, семинари, конференции во нашата земја и надвор ги надградува лидерските карактеристики и способности за современ и успешен директор. Ковид 19 придонесес да се стремат директорите да се справат со новите предизвици и да бидат вистински лидери. Во оваа новонастаната ситуација имаат можност да ги истакнат сите свои лични особини и професионални компетенции се со цел полесно да го надминат овој проблем. Притоа да бидат задоволни сите вработени, родителите и најважно учениците. Со тоа ги истакнуваат  своите лидерски способности и карактеристики на современ директор на современо училиште , во ново современо време.

**ЛИТЕРАТУРА**

Петковски, К. (2004). Водење на динамично училиште, Битола: Киро Дандаро
Петковски, К. (2012). Современ наставник училиште, Битола: Киро Дандаро
https://www.academia.edu/42842561 /14.02.2021 Д-р Константин Петковски/ Д-р Фанче Јошевска Современи Аспекти на лидерството во воспитно-образовните организации
https://www.academia.edu/42842429 15.02.2021 Д-р Константин Петковски / Д-р Фанче Јошевска Предизвиците на менаџментот и лидерството во воспитно-образовните организации
https://repository.ukim.mk/handle/20.500.12188/1581 15.02.2021